**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1455/**

# З А П И С Н И К

**Од 213.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 14.03.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Виолета Димевска -Раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ и Даниела Симовска - Овластен ревизор БДО-Скопје. |

**213.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 11.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 212.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2022-31.12.2022 година.

3. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година.

4. Разгледување и усвојување на Нацрт поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор БДО Скопје.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 212.Седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 212.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 212.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 212.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2: Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2022-31.12.2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска, раководител на Одделението за планирање и буџет во МРТ, со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2022-31.12.2022 година.
Вики објасни пред присутните дека за реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2022 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 392.295.057 денари и расходи во износ од 337.298.041 денари, при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 54.997.016 денари.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.10.2022-31.12.2022 година без забелешки.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2022-31.12.2022 година.
■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2022-31.12.2022 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2022-31.12.2022 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА3:**Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска, раководител на Одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година.
Вики објасни дека тековното работење на ЈРП МРТ во анализираната 2022 година се одвиваше согласно усвоениот Финансискиот план за 2022 година и во рамки на планираните износи како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи, а дека вкупната реализација на приходите во анализираната 2022 година изнесува 1.104.807.800 денари или 97,8% во однос на планираните средства.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Годишниот финансиски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во 2022 година,без забелешки.

По расправата Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година беше ставен на гласање.

■**Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАНИ гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Разгледување и усвојување на Нацрт-поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор БДО-Скопје.**
По оваа точка збор зема Даниела Симовска овластен ревизор од ревизорската куќа БДО-Скопје и пред присутните го презентираше извештајот за извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈРП МРТ, кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2022 година.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Нацрт-ревизорски извештај за фнансиското работење на ЈРП МРТ за 2022 година од независно ревизорско друштво – БДО Скојпе, без забелешки.

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои поединечениот Ревизорски извештај за ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2022 година, од независен овластен ревизор-ревизорска куќа БДО Скопје, и по расправата го предложи следниов Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ констатира дека Нацрт-ревизорскиот извештај на независниот овластен ревизор БДО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2022 година,е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во РС Македонија,и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5: Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 12.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател